# Правила на Одбор за организиран пазар

**Член 1**

Состав на одборот за Организиран пазар

(1) Одборот на организиран пазар се состои од девет члена од кои еден претседател и најмногу двајца негови заменици.
(2) МЕМО може да го зголеми или намали бројот на членови кои учествуваат во одборот.
(3) МЕМО донесува одлука за изборот на првиот состав на Одборот за организираниот пазар на електрична енергија.
(4) Првата седница на одборот за организираниот пазар е организирана од страна на МЕМО.
(5) Лицата делегирани од компаниите ги извршуваат своите обврски на транспарентен и недискриминаторен начин.
(6) Само едно лице може да биде делегирано од страна на една компанија.
(7) Одборот на организиран пазар треба да работи според Правилата за работа организираниот пазар на електрична енергија.

**Член 2**

Задачи и улоги на одборот

(1) Одборот за организиран пазар ги има следниве овластувања:
   - Да предлага измени и дополнувања на правилата за организиран пазар на електрична енергија, кои се предмет на одобрение од РКЕ.
   - Да предлага воведување на нови продукти на организираниот пазар
   - Да предлага измени во законската регулатива за прашања кои се однесуваат на организираниот пазар на електрична енергија
   - Да побара од МЕМО да достави извештај за пазарното опкружување и активностите, проектите, промените на пазарите и производите и активностите за надзор на пазарот на начин што не го открива идентитетот на пазарните учесници.
(2) Одборот на организиран пазар не смее да дава предлози кои би имале неразумни економски или стратешки последици врз МЕМО.
(3) МЕМО треба да достави писмено или усно објаснување во однос на прашањата од Одборот за организиран пазар на електрична енергија.

**Член 3**

Формирање на Одбор на организиран пазар

(1) Првиот одбор го избира МЕМО
(2) Пред завршување на мандатот на првиот одборот, одборот во соработка со МЕМО организира избор за назначување на нови членови на Одборот на организиран пазар
(3) Четири недели пред одржувањето на изборот за нов Одбор, МЕМО ќе достави известување до учесниците на пазарот.
(4) Учесниците на организираниот пазар имаат право да делегираат еден претставник од својата компанија.
(5) Изборот на нови членови на одборот ќе се изврши на анонимен начин.
(6) Пријавувањето се врши со пополнување на "Номинација на членови" и доставување до МЕМО преку електронска пошта.
(7) Одбирањето на членови на новиот Одбор се одвива на следниот начин:
    1) Доколку бројот на пријавени членови е девет:
        - Без дополнително гласање тие стануваат членови на новиот Одбор на организиран пазар и понатаму постапуваат по член 4
    2) Доколку бројот на пријавени членови е поголем од девет:
        - МЕМО доставува листа од сите номинирани лица до сите учесници на организираниот пазар.
        - Сите учесници на организираниот пазар имаат можност да гласаат за девет номинирани лица вклучувајќи се и самите себе.
        - Одборот го формираат деветте лица со најголем број на гласови
        - Во случај на изедначеност на гласови постапката се повторува за тие номинирани лица кои имаат ист број на гласови
        - МЕМО е задолжен за пребројување на гласовите и за доделување на мандатите.
    3) Доколку бројот на пријавени членови е помал од девет:
        - Без дополнително гласање тие стануваат членови на новиот Одбор на организиран пазар
        - МЕМО номинира лица со кои ќе ги пополни останатите мандати

(8) Претставник од МЕМО мора да е присутен при избор на нови членови на Одбор на организиран пазар

**Член 4**

Гласање за претседател и заменици претседатели

(1) Сите членови на одборот имаат можност да номинираат три лица.
(2) Членовите на одборот имаат право на глас и за самите себе.
(3) Гласањето се одвива на анонимен начин

**Член 5**

Резултати од гласањето

(1) МЕМО е задолжен за пребројување на гласовите и за доделување на мандатите.
(2) Местата на кандидатите се доделуваат по принцип на пропорционално мнозинство.
(3) Избрани ќе бидат оние кандидати кои добиле најголем број на гласови.
(4) За претседател се назначува лицето со најмногу освоени гласови, а наредните две лица со најмногу освоени гласови се назначуваат за заменици претседатели.
(5) Во случај на изедначеност на гласови постапката се повторува за тие членови.
(6) Изборите се организираат со просто мнозинство.

**Член 6**

Состаноци

(1) Одборот за организиран пазар се состанува по потреба, но најмалку еднаш квартално
(2) Претседателот треба да ги повика членовите на Одборот за организиран пазар и МЕМО не покасно од десет (10) работни денови пред наредниот состанок.
(3) Во случај назначениот член да не е во можност да присуствува на состанокот, членот може да назначи негова замена и во писмена форма го извести одборот.
(4) Претседателот треба да ја достави агендата за состанокот до сите членови не покасно од пет (5) работни денови пред наредниот состанок.
(5) Претседателот е потребно да ги достави сите потребни документи, извештаи, презентации и сл. најмалку пет (5) работни дена пред наредниот состанок.
(6) Работен јазик е македонски јазик.

**Член 7**

Записник од состанокот

(1) Неопходно е да се изготви записник од состанокот
(2) Записникот е потребно да содржи:
    - Дата на одржување на состанокот
    - Место на одржување на состанокот
    - Листа на присутни
    - Агенда
    - Кратко објаснување на темите на дискусија
    - Донесени заклучоци и слично
(3) Записникот од состнокот се испраќа до секој член на Одборот за организиран пазар и МЕМО не подоцна од два (2) работни дена по состанокот.
(4) Записникот од состанокот може да претрпи промени од страна на учесниците на Одборот за организиран пазар не подоцна од десет (10) работни дена по состанокот.
(5) Записникот од состанокот се одобрува на наредниот состанок.

**Член 8**

Оставка на член

(1) Член на Одборот за организиран пазар може да го изгуби својот мандат ако:
- Ја напушти компанијата во име на која е избран
- Компанијата во име на која е избран не е повеќе член на берзата на МЕМО.

(2) Во случај членот на Одборот за организиран пазар да ја напушти компанијата во чие име е избран или да изрази желба да го отстапи мандатот, компанијата ќе назначи друго делегирано лице пред следниот состанок на Одборот за организиран пазар.

(3) Во случај компанијата во чие име е избран/а не е повеќе член на организираниот пазар, членот на Одборот за организиран пазар ќе биде заменет со член избран од страна на МЕМО.

(4) Во случај некои од компаниите застапени во Одборот за организиран пазар да се спојат, компаниите ќе одлучат кој член ќе го напушти Одборот за организиран пазар.

(5) Доколку страните не ја соопштат одлуката за спојување во период од четири недели, членот кој имал помал број на гласови на изборите ќе го напушти Одборот за организиран пазар.

**Член 9**

Времетраење на мандатот

(1) Членовите на Одборот за организиран пазар се избираат за период од две години.

(2) По истек на мандатот новите членови на Одборот се бираат по пат на гласање.

(3) Мандатите на постоечките (важечки) членови на Одборот за Организиран пазар ќе истече на првиот состанок на новоизбраните членови на Одборот за организиран пазар.

**Член 10**

Други засегнати страни и постојани гости

(1) За време на мандатот на Одборот за организиран пазар на електрична енергија, МЕМО може да одлучи да додаде дополнителни мандати на кандидатите кои не се избрани.

(2) Овие претставници немаат право на глас.

(3) Во текот на мандатот на Одборот за организиран пазар на електрична енергија, МЕМО може да одлучи да покани надворешни претставници повремено или како постојани гости.

(4) Овие претставници немаат право на глас.

**Член 11**

Доверливост на податоците

(1) Членовите на Одборот за организиран пазар на електрична енергија мора да ги третираат сите информациите кои не се од јавен карактер како доверливи.

ФОРМА ЗА НОМИНАЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ

Овој формулар за номинација е издаден од МЕМО во согласност со Правилата за формирање на Одбор на организиран пазар.

Ве молиме пополнете го овој формулар и вратете го на:

dam@memo.mk;

1. Податоци за номинираното лице
    - Име на номинираното лице Click or tap here to enter text.
    - E-mail и телефонски број од номинираното лице Click or tap here to enter text.
    - Потребно е да се приложи доказ за исполнување на критериумите за учество на изборите
2. Податоци за учесник на организираниот пазар
    - Име на компанијата учесник на МЕМО ПДО: Click or tap here to enter text.

Место и датум: Click or tap here to enter text.Click or tap to enter a date.

Потпис на номинираното лице:

Потпис на овластено лице од компанијата: